РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
Бр. 04-4887/6
07-08-2025 год.
СТРУМИЦА

# ЗАПИСНИК

Од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РСМ бр.102/19, 102/19, 272/24 и 22/25) од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл.весник на РСМ бр.238/19) на ден 06. 08. 2025 година со почеток во 11.00 часот во просториите на Инспекциски совет Скопје пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на општина Струмица со Арх.Бр.09-4887/3 од 14. 07. 2025 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

- Ѓорѓи Чукарски- Раководител на Инспекторат-Главен инспектор, во Секторот за инспекциски работи-Ментор на кандидатот.

- Николчо Стоилов- Раководител на одделение за инспекциски работи во финансии, образование, спорт, туризам и угостителство и други инспекции во надлежност на општината- Виш инспектор во Сектор за инспекциски работи - Член на комисија.

- Љупчо Ташевски- Советник Комунален инспектор во Одделението за инспекциски работи- Член на комисија,

- Ресул Шемо- член од областа на градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт- Номиниран член од Инспекциски совет.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Зоран Паниќ на работно место Помлад инспектор- општински комунален инспектор во Сектор за инспекциски работи при општина Струмица.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Зоран Паниќ изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекциски надзор.

Кандидатот презентираше вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот вонреден инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Зоран Паниќ, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

Планирање и подготовка за инспекциски надзор ____15____ бодови.

Спроведување на инспекциски надзор ____30____ бодови.

Затворање на инспекцискиот надзор ____30____ бодови.

Документирање на инспекцискиот надзор____15____ бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Зоран Паниќ, го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоено 90 бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:

Почеток во 11.00 часот на ден 06. 08. 2025 година.

Завршување во 13.00 часот на ден 06. 08. 2025 година.

Комисија за полагање на практичниот дел од испитот за инспектор:

1. Ѓорѓи Чукарски ____________

2. Николчо Стоилов ____________

3. Љупчо Ташевски ____________

4. Ресул Шемо ____________